# Едукативен престој во Унвиверзитетски Клинички Центар во Љубљана



***На обука по ЕЕГ во периодот од 08.03.2016 до 01.04.2016г. На Кл. За неврологија.***
***Д-р Ромео Икономовски Невропсихијатар вработен во ЈЗУ Здравствен Дом Ресен***

***Датум на презентација: 26.04.2016г.***

ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.moh.gov.mk

# Хол-чекална во УКЦ Љубљана





# Клиника за Неврологија УКЦ Љубљана



# Клиника за Неврологија УКЦ Љубљана



# ЕЕГ како метода за дијагностицирање во Клиничката неврологија







Согласно со програмата за едукација на медицинскиот персонал во странство од Министерство за здравство на Република Македонија во периодот од 30 работни дена престојував на УКС Љубљана, поточно на Клиниката за Неврологија оддел неврофизиологија.
За мој ментор беше назначен Д-р Богдан Лорбер- Невролог епилептолог и раководител на овој оддел и Д-р Гал Гранда- невролог епилептолог шеф на ЕЕГ лабораторијата.Кои се обидоа да ми ја презентираат работата на одделот и ми ги пренесат своите знаења и искуства од областа на Електроенцефалографијата и нејзината примена.





ЕEG е една од првите научни орудија за проучување на мозочната функција и ги регистрира промените на истата при епилепсии , енцефалитиси , мозочна смрт, нарушување на сонот...Најчесто се прават долги ЕЕГ снимки со видео запис. Апаратите се современи со додатни канали за ЕMG, ЕКG, регистрирање на дишењето што даваат дополнителни информации и го олеснуваат и уточнуваат читањето на електроенцелефалограмот.





Одделението има добра
современа опрема, соодвето опремен простор и добро обучен и стручен тим од лекари и неврофизиолошки техничари кои високо професионално ја обавуваат својата работа во дијагностицирањето на болестите особено конкретно овде на Епилепсијата како проблем за евентуален понатамошен хируршки третман.

# Соба за континуиран денонoќен мониторинг на пациенти





МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА





Значи едукацијата ја обавував на Клиниката за Неврологија оддел А - лабораторија за ЕЕГ,
Под менторство на Д-р Богдан Лорбер.
Во лабораторијата се работи континуиран дваесетичетири часовен мониторинг во тек на две недели на еден пациент. Со цел да се дијагностицира фокална епилепсија која би била причина за евентуален хируршки зафат, кој би се направил на неврохируршки клиники во Австрија или Германија со кои вообичаено соработуваат.
Во текот на престојот на овој оддел се запознав со целокупната работа и зедов активно  учество во интерпретацијата на дневно-ноќните електоенцефалограми.
Од целиот персонал сум извонредно задоволен бидејќи бев добро прифатен и несебично информиран.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Чекална пред ЕЕГ лабораторија.



# ЕЕГ лабораторија



# Дел од тимот



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ЕЕГ лабораторија



Останатите денови беа со секојдневната рутинска работа во ЕЕГ лабораторијата во која бев континуирано и активно ангажиран.









Во текот на слендите денови бидејки беше затворен дваесет и четири часовниот мониторинг на примените пациенти во одделението, се работеа стандардни ЕЕГ снимања во траење од 20мин. Како и неколку едночасовни ЕЕГ снимања по депривација на сон кои исто така се работаат рутински.

Во овој период исто така се запознав и присуствував при изведување на таканаречениот "Тест со нагиб на кревет" кој што се изведува за дифренцијално дијагностицирање на епилептичен напад од синкопа, на тој начин што пациентот е фиксиран за кревет и поврзан за ЕЕГ апаратот и за соодветен апарат на кој се следи срцева работа, крвен притисок и.т.н.....а е позитивен доколку има пад на крвен притисок и губиток на свест по едночасовно држење на пациентот во исправена состојба.





Во текот на едукативниот период имав секојдневни изведувања на снимања на ЕЕГ и читање на истите.
Во овој период имав прилика да го посетам и одделението за интензивна нега на Кл. за Неврологија каде се запознав со начинот и условите на лекување на тешките болни со доживеан мозочен удар.
Исто така бев во посета на Центарот за медицинска рехабилитација " Сочa" еден од најсовремените центри за рехабилитацијата на болни со невролошки заболувања уште во времето на СФРЈ, но денес уште поосовременет и помодерен опремен со бројни апаратури и помагала.





# Ентериер „Соча“







**Чекална во „Соча“**





МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Читална за болни „Соча“







И на крај да напоменам дека во тој едукативен период во УКЦ учествував на предавањето за третман на заболувањата со нарушени движења со Длабока Мозочна Стимулација ( DBS ) како: Mb. Parkinsoni, Tremor, Distonii... на кој се запоснав со најсовремените постапки при дијагностицирање и третирање на овие болести, со инвазивна метода на буден пациент и отворен мозок....


ZDRAVLJENJE NAPREDOVALE PB





# Заклучок

Престојот и работата на Клиниката за Неврологија, поточно ЕЕГ лабораторија во Љубљана, за мене ги исполни очекувањата и успеав да се здобијам со нови сознанија и искуства во областа на Електроенцефалографијата и нејзината примена.
Но сметам дека периодот од 30 дена не е доволен за да се доедуцира и усоврши.
Кога би имал прилика повтодрно да се едуцирам во странство би сакал да продолжам на оваа клиника како би ги надополнил знаењата и искуствата затоа што во оваа установа има и услови и научен кадар за тоа.
И како за крај:

Прешернов плоштад во центар на Љубљана



# Љубљана

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# Љубљана



# Љубљана



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## На пат за дома :)



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Ви благодарам за вниманието

www.moh.gov.mk